| 02 | Прилеп | 12 | 1 | 2 | 5 | 1 | 1 | 1 | 1 | – | 86 |
| 03 | Тетово | 13 | 2 | 1 | 2 | 4 | 1 | 2 | 2 | 1 | 84 |
| 04 | Кочани | 09 | 4 | 1 | – | – | – | 1 | 2 | 1 | 75 |
| 05 | Куманово | 13 | 1 | 2 | 1 | 1 | 4 | 4 | – | – | 74 |
| 06 | Штип и Карбинци | 10 | – | – | 3 | 4 | 1 | – | – | 1 | 50 |
| 07 | Центар | 05 | 2 | 1 | – | – | 1 | – | 1 | – | 46 |
| 08 | Радовиш и Конче | 09 | – | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 40 |
| 09 | ОВР | 04 | 1 | 1 | 1 | 1 | – | – | – | – | 39 |
| 10 | Делчево | 04 | 1 | 2 | – | – | – | 1 | – | – | 35 |
| 11 | Крушево | 06 | 1 | – | 1 | 1 | – | 2 | – | 1 | 34 |
| 12 | Солидар.Илинден | 04 | – | 2 | 1 | – | – | 1 | – | – | 32 |
| 13 | Велес | 06 | – | 2 | – | – | 2 | – | 2 | – | 32 |
| 14 | Гази Баба | 06 | – | 1 | – | 1 | 2 | 1 | 1 | – | 30 |
| 15 | Крива Паланка | 03 | 1 | 1 | – | – | – | – | – | 1 | 27 |
| 16 | Кратово | 04 | – | 1 | 2 | – | 1 | – | – | – | 25 |
| 17 | Мак. Каменица | 05 | – | – | 2 | – | 1 | – | 2 | – | 22 |
| 18 | Кавадарци | 06 | – | – | 1 | – | – | 3 | 1 | 1 | 22 |
| 19 | Солидар.Аеродро | 04 | – | 1 | 1 | – | 1 | – | – | 1 | 21 |
| 20 | Битола | 02 | 1 | – | – | 1 | – | – | – | – | 18 |
| 21 | Ѓорче Петров | 04 | – | – | 1 | 1 | – | 1 | – | 1 | 18 |
| 22 | Кичево | 03 | – | – | 1 | – | 2 | – | – | – | 15 |
| 23 | Тафталиџе | 02 | 1 | – | – | – | – | – | 1 | – | 14 |
| 24 | Струга | 02 | – | 1 | – | – | – | 1 | – | – | 14 |
| 25 | Демир Капија | 03 | – | 1 | – | – | – | 1 | 1 | – | 14 |
| 26 | Ново Село | 02 | 1 | – | – | – | – | – | – | 1 | 13 |
| 27 | Ресен | 02 | 1 | – | – | – | – | – | – | 1 | 13 |
| 28 | Чаир | 02 | 1 | – | – | – | – | – | – | 1 | 13 |
| 29 | Богданци | 01 | 1 | – | – | – | – | – | – | – | 12 |
| 30 | Виница | 04 | – | – | – | 1 | – | – | 1 | 2 | 12 |
| 31 | Валандово | 02 | – | 1 | – | – | – | – | 1 | – | 11 |
| 32 | Неготино | 03 | – | – | – | – | 1 | – | 1 | 1 | 10 |
| 33 | Злетово | 01 | – | 1 | – | – | – | – | – | – | 08 |
| 34 | Пробиштип | 02 | – | – | – | – | 1 | – | 1 | – | 08 |
| 35 | Кисела Вода | 01 | – | – | 1 | – | – | – | – | – | 06 |
| 36 | Бутел | 01 | – | – | – | – | 1 | – | – | – | 05 |
| 37 | Дојран | 02 | – | – | – | – | – | 1 | 1 | – | 05 |
| 38 | Струмица | 02 | – | – | – | – | – | – | 2 | – | 05 |
| 39 | Берово | 01 | – | – | – | – | 1 | – | – | – | 04 |
| 40 | Вевчани | 01 | – | – | – | – | – | – | – | 1 | 01 |
| 41 | Дебар | 02 | – | – | – | – | – | – | – | – | 00 |

# ПРЕГЛЕД НА ОСВОЕНИТЕ МЕСТА И БОДОВИ НА НАТПРЕВАРИТЕ ВО 2016 ГОДИНА

| Освоено место | Здружение | Број на дисциплини | Освоени бодови |
|---|---|---|---|
| 1. | Охрид | 16 | 96 |
| 2. | Прилеп | 12 | 88 |
| 3. | Тетово | 13 | 84 |
| 4. | Кочани | 09 | 75 |
| 5. | Куманово | 13 | 74 |
| 6. | Штип | 10 | 50 |
| 7. | Центар | 05 | 46 |
| 8. | Радовиш | 09 | 40 |
| 9. | ОВР | 04 | 39 |
| 10. | Делчево | 04 | 35 |
| 11. | Крушево | 06 | 34 |
| 12. | Илинден | 04 | 32 |
| 13. | Велес | 06 | 32 |
| 14. | Гази баба | 06 | 30 |
| 15. | Кр.Паланка | 03 | 27 |
| 16. | Кратово | 04 | 25 |
| 17. | Мак.Каменица | 05 | 22 |
| 18. | Кавадарци | 06 | 22 |
| 19. | Солид.Аеродром | 04 | 21 |
| 20. | Битола | 02 | 18 |
| 21. | Ѓорче Петров | 04 | 18 |
| 22. | Кичево | 03 | 15 |
| 23. | Тафталиџе | 02 | 14 |
| 24. | Струга | 02 | 14 |
| 25. | Д.Капија | 03 | 14 |
| 26. | Ново Село | 02 | 13 |
| 27. | Ресен | 02 | 13 |
| 28. | Чаир | 02 | 13 |
| 29. | Богданци | 01 | 12 |
| 30. | Виница | 04 | 12 |
| 31. | Валандово | 02 | 11 |
| 32. | Неготино | 03 | 10 |
| 33. | Злетово | 01 | 08 |
| 34. | Пробиштип | 02 | 08 |
| 35. | Кисела Вода | 01 | 06 |
| 36 | Бутел | 01 | 05 |
| 37 | Дојран | 02 | 05 |
| 38 | Струмица | 02 | 05 |
| 39 | Берово | 01 | 04 |
| 40 | Вевчани | 01 | 01 |
| 41 | Дебар | 00 | 00 |

# ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИОТ БРОЈ УЧЕСНИЦИ НА НАТПРЕВАРИТЕ ВО 2016 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Гази Баба | 40 |
| 2. | Центар | 18 |
| 3. | Воени пензионери | 03 |
| 4. | Илинден–Солидарни | 26 |
| 5. | Солидарност–Аеродром | 14 |
| 6. | Кисела Вода | 05 |
| 7. | Чаир | 05 |
| 8. | Шуто Оризари | 03 |
| 9. | Бутел | 09 |
| 10. | Тетово | 48 |
| 11. | ОВР | 25 |
| 12. | Ѓорче Петров | 14 |
| 13. | Гостивар | 15 |
| 14. | Тафталиџе | 52 |
| 15. | Карпош | 04 |
| 16. | Сарај | 02 |
| 17. | Прилеп | 55 |
| 18. | Битола | 19 |
| 19. | Ресен | 08 |
| 20. | Крушево | 17 |
| 21. | Демир Хисар | 03 |
| 22. | Охрид | 60 |
| 23. | Кичево | 12 |
| 24. | Струга | 11 |
| 25. | Дебар | 08 |
| 26. | Македонски Брод | 03 |
| 27. | Вевчани | 03 |
| 28. | Лабуништа | 02 |
| 29. | Кавадарци | 27 |
| 30. | Гевгелија | 05 |
| 31. | Велес | 25 |
| 32. | Демир Капија | 09 |
| 33. | Дојран | 08 |
| 34. | Богданци | 03 |
| 35. | Валандово | 08 |
| 36. | Неготино | 18 |
| 37. | Куманово | 39 |
| 38. | Крива Паланка | 21 |
| 39. | Злетово | 05 |
| 40. | Пробиштип | 17 |
| 41. | Кратово | 10 |
| 42. | Штип | 36 |
| 43. | Струмица | 10 |
| 44. | Радовиш и Конче | 191 |
| 45. | Ново Село | 08 |
| 46. | Свети Николе | 03 |
| 47. | Лозово | 03 |
| 48. | Кочани | 43 |
| 49. | Мак. Каменица | 14 |
| 50. | Делчево | 18 |
| 51. | Виница | 24 |
| 52. | Берово | 02 |
| 53. | Пехчево | 03 |
| 54. | Судии | 70 |
| 55. | Лекарска екипа | 03 |
| 56. | Музика | 06 |
| 57. | Фоторепортери и новинари | 15 |
| 58. | Полицајци | 05 |
| 59. | Девојчиња во носија | 03 |
| 60. | СЗПМ | 105 |
| | **ВКУПНО** | **1.241** |

# ВКУПЕН БРОЈ НА НЕПОСРЕДНИ УЧЕСНИЦИ СПОРЕД ПОЛОТ

| | |
|---|---|
| Вкупно учествувале | 501 |
| Мажи | 264 |
| Жени | 237 |



## ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ ВО 2016 ГОДИНА

1. **Драги Аргировски**, претседател на СЗПМ
2. **Бесник Поцеста**, претседател на Собранието на СЗПМ
3. **Салтир Каровски**, потпретседател на ИО на СЗПМ
4. **Станка Трајкова**, секретар на ИО на СЗПМ
5. **Здравко Петковски**, претседател на Комисијата за спорт на СЗПМ
6. **Ристо Трајкоски**, член на ИО на СЗПМ и
7. **Љубица Кузмановска**, потпретседател на Комисијата за спорт
8. **Јордан Костадинов**, потпретседател на ЗП Радовиш и Конче
9. **Љиљана Младеновска**, член на Комисијата за спорт

## КОМИСИЈА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ПРИ СЗПМ

**Здравко Петковски**, претседател
**Љубица Кузмановска**, ЗП Куманово
**Ристо Трајкоски**, ЗП Охрид и Дебрца
**Иван Цветановски**, ЗП Гази Баба
**Гале Бобаровски**, ЗП Гостивар
**Лилјана Младеновска**, ЗП Радовиш и Конче
**Милан Тодороски**, ЗП Прилеп
**Харалампие Ампов**, ЗП Виница
**Перо Андонов**, ЗП Кавадарци



# СУДИИ ПО ДИСЦИПЛИНИ

## Срелаштво

1. **Петар Андов** – координатор – Кавадарци
2. **Трајче Димески** – судија Прилеп
3. **Никола Кижевски** – судија – Кичево
4. **Цветан Ѓуревски** – судија – Охрид и Дебрца
5. **Љубинко Ристов** – судија – Ѓорче Петров
6. **Зоран Зафиров** – судија – Гевгелија
7. **Велко Стојмиров** – судија – Кочани
8. **Ристо Лозналиев** – судија – Радовиш и Конче

## Шах

1. **Харалампие Ампов** – координатор – Виница
2. **Милисав Серафимовски** – судија – Куманово
3. **Фаик Јашари** – судија – Тетово
4. **Тодор Миленковски** – судија – Крива Паланка
5. **Крсте Петров** – судија – Кавадарци
6. **Димитар Илиевски** – судија – ОВР
7. **Љубомир Димитриевски** – судија – Куманово
8. **Фидан Ѓоргиев** – судија – Кочани
9. **Слободан Михајловски** – судија – ОВР
10. **Доко Беадин** – судија – Охрид и Дебрца

## Пикадо

1. **Милан Тодоровски** – координатор – Прилеп
2. **Владо Вељановски** – судија – Кичево
3. **Гога Ангелевски** – судија – ОВР
4. **Трајче Трајанов** – судија – Центар
5. **Лилјана Костоска** – судија – Прилеп
6. **Димче Кузмановски** – судија – Тетово
7. **Трифун Донев** – судија – Карпош
8. **Марија Маневска** – судија – Лозово
9. **Надежда Булатовиќ** – судија – Куманово

## Тегнење јаже

1. **Ристо Трајкоски - координатор** – Охрид и Дебрца
2. **Петруш Соколов** – судија – Кочани
3. **Бошко Блажевски** – судија – Тетово
4. **Јован Аврамовски** – судија – Вевчани
5. **Благоја Петковски** – судија – Тафталиџе
6. **Давитко Јанков** – судија – Неготино
7. **Петруш Спасовски** – судија – Гази Баба
8. **Благој Тасев** – судија – Виница
9. **Тодор Кочоски** – судија – Прилеп

## Атлетика - Трчање, Фрлање ѓуле, Скок од место

1. **Љибица Кузмановска** – координатор – Куманово
2. **Благоја Клекачкоски** – судија – Прилеп
3. **Илчо Ристевски** – судија – Ресен
4. **Ванчо Николов** – судија – Радовиш и Конче
5. **Трајко Тасев** – судија – Кавадарци
6. **Симеон Доклевски** – судија – Карпош
7. **Јован Андов** – судија – Велес

## Фудбал

1. **Борче Тодоровски** – главен судија – Прилеп
2. **Фидан Павловски** – судија – Македон. Каменица
3. **Ристо Коџоманов** – судија – Велес
4. **Лазар Лазаров** – судија – Радовиш и Конче
5. **Димче Стојкоски** – судија – Охрид и Дебрца
6. **Симеон Петровски** – судија – ОВР
7. **Трајче Милосов** – судија – Пробиштип
8. **Мерсел Селими** – судија – Гостивар

## Кошарка

1. **Гале Бобаровски** – координатор – Гостивар
2. **Драги Горгиевски** – судија – Крива Паланка
3. **Стефан Владимиров** – судија – Охрид и Дебрца
4. **Тодор Ангелов** – судија – Чаир
5. **Борис Тодоров** – судија – Радовиш и Конче
6. **Мики Смиленски** – судија – Радовиш и Конче

## Табла

1. **Иван Цветановски** – координатор – Гази Баба
2. **Ѓорѓи Боризов** – судија – Штип и Карбинци
3. **Ванчо Србаков** – судија – Радовиш и Конче
4. **Живко Петроски** – судија – Прилеп
5. **Мијалче Миланов** – судија – Штип и Карбинци
6. **Марика Петровака** – судија – Аеродром
7. **Теохар Палазов** – судија – Гостивар
8. **Перо Калајџиски** – судија – Делчево
9. **Стевчо Китановски** – судија – Куманово

## Домино

1. **Лилјана Младеновска** – координатор – Радовиш и Конче
2. **Ѓорѓи Димитровски** – судија – Куманово
3. **Љупчо Трифуновски** – судија – Штип и Карбинци
4. **Ѓорѓи Костов** – судија – Гевгелија
5. **Јовица Ванчевски** – судија – Куманово
6. **Љубица Настевска** – судија – Струга
7. **Надежда Топалова** – судија – К. Вода – Скопје
8. **Павле Манев** – судија – Бутел – Скопје

## ЦЕНТРАЛНА КОМИСИЈА

1. **Здравко Петковски** – претседател
2. **Љубица Кузмановска** – член
3. **Гале Бобаровски** – член

## ПРВ РЕГИОН

# Во Чаир се спортуваше и другаруваше



Во организација на СЗПМ, на 21 мај 2016 година, се одржаа Регионалните пензионерски спортски натпревари од првиот регион. ЗП Чаир, беше успешен домаќин, а во натпреварите учествуваа пензионери спортисти од ЗП Центар, ЗП Кисела Вода, ЗП Солидарност – Аеродром, ЗП Гази Баба, ЗП Бутел, ЗП Шуто Оризари, ЗП Солидарни пензионери од Илинден и Здружението на Воени пензионери. Пред поголем број пензионери и граѓани, љубители на спортот, 350 учесници си ги одмерија силите и покажаа добра физичка подготвеност во 11 спортски дисциплини, во машка и женска конкуренција. На свеченото отворање на натпреварите, најнапред присутните, на македонски и на албански јазик, ги поздрави домаќинот на овие игри и претседател на ИО на ЗП Чаир**, Ментор Ќоку,** кој им посака добредојде, фер натпревари, спортска среќа и добра забава. Со пригодни зборорви на македонски и албански јазик, за значењето на оваа спортска манифестација, на присутните и пензионерите спортисти им се обрати претседателот на собранието при СЗПМ, **Бесник Поцеста**, кој меѓу другото рече:

– СЗПМ ваквите спортски манифестации ги организира, поддржува и помага, бидејќи имаат масовност, спортски дух и мултиетнички карактер.

Успех и поддршка на натпреварувачите, на македонски и албански јазик, им искажа претседателот на Советот на општина Чаир, **Захир Бектеши**, кој најнапред ги пренесе поздравите од градоначалникот Изет Меџити, а потоа рече:

– Имаме добра соработка со здружението на пензионери и понатаму како и досега ќе ги поддржуваме нивните активности и манифестации во границите на можностите, – нагласи во своето обраќање Захир Бектеши и ги прогласи натпреварите за отворени.



Потоа започна натпреварувањето, во кое најдобри резултати постигнаа спортистите од ЗП Гази Баба, со 6 први места. Натпреварувачите на ЗП Центар освоија 5 први места, ЗП Солидарност – Аеродром и ЗП Солидарни пензионери – Илинден по 4, ЗП Чаир 2, а ЗП Бутел и ЗП Кисела Вода по 1 прво место. Спортската манифестација која беше една од најдобро организираните, заврши со доделување дипломи на победниците и најдобрите поединци, со заедничката веселба во ресторанот „Фестина“ на која се пееше, играше и дружеше.

## ВТОР РЕГИОН

# Најдобри Тетовчани со 13 први места



На 28 мај во Спортскиот рекреативен центар „Треска“ – Скопје се одржаа 21. Регионални спортски натпревари од вториот регион на кој зедоа учество пензионери спортисти од: ЗП Гостивар, ЗП Тетово, ЗП Сарај, ЗП Ѓорче Петров, ЗП Карпош, ЗП Тафталиџе и ЗП ОВР. Успешен домаќин и организатор на натпреварите беше Здружението на пензионери од Ѓорче Петров. Расположените пензионери во убавиот амбиент крај езерото „Треска“ ги прв поздрави и им посака добредојде претседателот на Извршниот Одбор на ЗП Ѓорче Петров **Методија Новковски**. Во своето обраќање тој на присутните им посака убаво да се чувствуваат, а на натпреварувачите да постигнат добри резултати.

На присутните пензионери им се обрати претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, кој нагласи дека овој значаен спортски настан се одржува по повод големиот пензионерски јубилеј, 70 години опстојување на најголемата пензионерска асоцијација во Македонија.

– Спортот и физичката активност Се многу важни за нас луѓето од третото доба. Таа ни го подобрува здравјето и духот и ни го продолжува животот. При тоа не е битно кој ќе победи. Битно е да се дружиме и да се радуваме на содржините на нашите пензионерски денови. Ги прогласувам 21-те Регионални спортски натпревари од вториот регион за отворени. Нека победат нај подготвените и оние на кои сојузник ќе им биде среќата, – рече Аргировски.



Како и во другите региони пензионерите спортисти се натпреваруваа во 11 дисциплини, а најдобри резултати постигнаа тетовчани кои освоија 13 први места. Од седумте здруженија кои се натпреваруваа крај езерото „Треска“ сите се стекнаа со право да учествуваат на Републичката спортска олимпијада, освен ЗП Сарај.

По натпреварите дружењето продолжи со песна и оро и сите се чувствуваа како победници

## ТРЕТ РЕГИОН

# Прилепчани најдобри

На 26.06.2016 година здружението на пензионери Демир Хисар беше домаќин на 21 пензионерски спортски натпревари во 3–от регион. На овие натпреварувања учествуваа 180 спо–



ртисти – пензионери од ЗП Ресен, ЗП Битола, ЗП Крушево, ЗП Прилеп и од здружението домаќинот, Демир Хисар. Спортските екипи и гостите прв ги поздрави претседателот на здружението – домаќин **Пере Петрески**, кој им посака добредојде, убаво дружење и фер–плеј борба. Во своето обраќање тој меѓудругото рече:

– Спортот и физичката активност се многу важни за нас луѓето од третото доба, бидејќи ни го подобрува здравјето и духот и ни го продолжува животот. Занимавајќи се со спортот и дружењето се придонесува да се шири надежда, соживотот и другарството помеѓу пензионерите, со цел да се подзабави процесот на стареење, а животот во овие години да добие достоинствена содржина и соодветен квалитет.

Топло добредојде и успех во натпреварите на пензионерите од името на домаќините им посака градоначалникот на Демир Хисар **Љупчо Блажевски**, кој истакна:

– Пензионерските спортски натпревари не се само натпревар и покажување на психо–физичките можности на припадниците на третото доба, туку тоа е празник и гордост за секој учесник и воопшто за секој пензионер.

Од името на СЗПМ и од свое име присутните ги поздрави и на натпреварувачите им посака добри резултати секретарот на ИО на СЗПМ, **Станка Трајкова**, која рече:

– На натпреварувачите им посакувам успех и добри резултати, а на сите вас добро дружење и расположение. Ги прогласувам за отворени 21 Регионални спортски пензионерски игри на здруженијата од третиот регион.

Потоа започна официјално спортскиот дел. Натпреварите се одвиваа во пријатен амбиент и во одлична атмосфера. За натпреварувачите



најважно беше учеството, а помалку освоените места и награди. И оваа година, како и минатите, најдобри беа спортистите од ЗП Прилеп со освоени 11 први места во машка и женска конкуренција. Втори се пласираа спортистите од ЗП Крушево, а трети беа натпреварувачите од ЗП Битола. По завршувањето на натпреварите и прогласувањето на победниците дружењето продолжи со песна и оро.

## ЧЕТВРТ РЕГИОН

# Триумф на охридските пензионери



ЗП Дебар и Центар Жупа беше домаќин на 21. регионални спортски натпревари од југозападниот регион, на кои учествуваа речиси 200 натпреварувачи од ЗП Струга, ЗП Охрид и Дебрца, ЗП Кичево, ЗП Македонски Брод и здружението домаќин. Оваа важна спортска манифестација на пензионерите за отворена ја прогласи градоначалникот на Дебар **Ружди Лата**, кој нагласи дека Дебар е горд што овие регионални спортски натпревари се одржуваат во Дебар, град познат по толеранција , соживот и почит кон сите.

– Регионалните натпревари се одличен настан на кој се дружат пензионерите. ЗП Дебар – Центар Жупа секогаш, па и сега се покажа како одличен организатор. Како што е познато најдобрите ќе учествуваат на Републичката спортска Олимпијада во септември. Оваа година ја одбележуваме 70 годишнината на пензионерското организирање во Македонија, и овие натпревари се по тој повод – рече претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**.

Поздравувајќи ги присутните, претседателот на ЗП Дебар – Центар Жупа, **Џавид Карпузи** истакна:

– Се чувствуваме почестени што СЗПМ ни додели да бидеме домаќини на овие натпревари, кои се одлични можност за дружење и натпреварување на пензионерите. Нашето здружение е доста активно и учествува на сите спортски и други активности што ги организира Сојузот, – рече Карпузи. Како и во другите региони, спортските натпревари во Дебар се одвиваа во 11 спортски дисциплини, а беа проследени со голем интерес не само од пензионерите, но, исто така, и од страна на многу граѓани. Традиционално, најдобри беа пензионерите од ЗП Охрид и Дебрца, кои освоија 16 први места во



категориите за мажи и жени. На натпреварите пензионерите покажаа спортски дух и желба да постигнат што подобри резултати. На средбите претседателот на Собранието на СЗПМ **Бесник Поцеста** кој повеќе години успешно го предводеше ЗП Дебар и Центар Жупа, нагласи дека регионалните натпревари во Дебар се организирани на високо ниво и дека трето доба е возраст која се смета дека не е најпогодна за спортување, но резултатите кажуваат дека не е така. Пензионерите во текот на нивниот престој во Дебар, покрај што се натпреваруваа посетија и неколку културни и историски локалитети во Стариот град со богата историја.

# ПЕТТИ РЕГИОН
# Домаќините - севкупен победник



По третпат кавадарчани беа прогласени за севкупен победник на 21 регионални спортски игри кои се одржаа на 26.05. 2016 во Кавадарци. Околу 380 пензионери од градовите од петтиот регион, Кавадарци, Велес, Неготино, Демир Капија, Гевгелија, Дојран, Богданци и Валандово, се напреварува во повеќе дисциплини во машка и женска конкуренција на спортскиот центар „Јасмин“. Домаќините продолжи ја со докажувањето на спортскиот дух кој го поседуваат, зашто потврди фактот од бројните освоени први места, со што пехарот остана во трајна сопственост на кавадарчани. Присутните на почетокот ги поздрави претседателот на ИО на ЗП Кавадарци **Ристо Анѓушев** кој го нагласи големото значење на ваквите спортски натпревари за луѓето од третото доба. Присутните ги поздрави и потпретседателот на ИО на СЗПМ **Салтир Каровски**.

– Денес пензионерите во Македонија се доброволно здружени во Сојузот со доброволно ангажирање на секој поединец пензионер како и колективно во здруженијата преку своите програмски активности. Со пензионерските натпреварувања, сите успешно посветени на здобивање со добра кондиција и перманентни трениг подготовки, кои ќе резултираат со високи спортски резултати и активно здраво стареење во оваа како ја нарекуваме трета доба од животот – рече Каровски кој на сите учесници им посака успешен настап и добри спортси резултати.

Пензионерите велат дека овие игри со нетрпение ги очекувале, дел од нив се поготвувале неколку месеци, а дел рекоа дека не чуствувале потреба од подготовки бидејќи се родени спортисти. Игрите поминаа во одлична атмосфера и дружба помеѓу пензионерите, за нив најважно беше учеството, а помлаку освоените места и награди. Од година во година се зголемува масовноста на учесниците во натпреварите во однос на изминатите години. Со настапите на овие спортски игри пензионерите покажуваат дека се витални и способни активно да придонесат за себе, за своите семејства и за општеството воопшто.



# ШЕСТИ РЕГИОН
# Кумановци со освоени 13 места



Во духот на одбележувањето на три јубилеја: 70 години од пензионерско организирање во Македонија, исто толку години пензионерско делување на ЗП Куманово и 25 години независност и сувереност на Р. Македонија, на 29 мај 2016 година во Куманово се одржаа 21–те Регионални спортски натпревари од шестиот регион. На игрите учествуваа 180 напреварувачи од Крива Паланка, Кратово, Злетово, Пробиштип и градот домаќин, Куманово. Средбите, прв ги поздрави претседателот на ЗП Куманово **Спирко Николовски**, кој на учесниците им посака топло добредојде, убав престој и успешни резултати. Говорејќи за работењето на кумановското Здружение, тој меѓудруго, се задржа на фактот дека во Сојузот и здруженијата се посветува големо внимание на развојот на физичката култура и спортот, и дека ЗП Куманово редовното две децении учествува на спортските натпревари, и има добиено многу високи призанија, според што со право, кумановските пензионери ги вбројуваат меѓу најуспешните во државата. Од името на СЗПМ на присутните им се обрати потпретседателот на ИО на СЗПМ **Салтир Каровски**, кој истакна дека преку спортските натпревари, пензионерите–спортисти покрај кондицијата и здравиот спортски дух, си обезбедуваат подолг и посреќен живот, многубројни пријателства, а се откриваат и многу нови пензионерски таленти во спортот. Поздравна реч до натпреварувачите упатија и градоначалниците на општините Куманово и Старо Нагоричане, **Зоран Дамјановски** и **Милован Стојковски**, кои се задоволни од досегашната успешна соработка што ја имаат со Здружението и најавија дека и во иднина ќе продолжат со унапредување на истата. Игрите за отворени ги прогласи Салтир Каровски, а убавото и сончево време придонесе натпреварувачите да го дадат својот максимум и да постигнат забележителни резултати. Најдобри се покажаа пензионерите–спортисти од градот домаќин Куманово, кои во 11 дисциплини освоија 13 први места. По 3 први места им припаднаа на ЗП Крива Паланка и ЗП Кратово, додека ЗП Пробиштип и ЗП Злетово освоија по 2 први места. Свечената церемонија на прогласување на победниците се одржа во ресторанот „Грација“, по што со музика, песна и игра беа прославени сите успеси на спортски план.



## СЕДМИ РЕГИОН

# Најдобри пензионерите од ЗП Радовиш и Конче



На 11 јуни 2016 година ЗП Лозово беше домаќин на 21 Пензионерски спортски натпревари во 7-от регион. На овие игри се натпреваруваа пензионери спортисти од: ЗП Радовиш и Конче, ЗП Штип и Карбинци, ЗП Струмица, ЗП Свети Николе, ЗП Ново Село и ЗП Лозово.

Спортските екипи и гостите прва ги поздрави претседателката на ЗП Лозово, **Марија Моневска**, при што им посака добредојде, убаво дружење и натпреварување во духот на спортот. Таа меѓудругото рече:

– Нека победат најдобрите, но победници ќе бидат сите натпреварувачи, бидејќи на ова топло јунско сонце со ентузијазам подготвени се да се натпреваруват сите. Натпреварувајте се, но и уживајте во убавините на општината Лозово, во распространетите житници, во сончегледовите и тутуновите полиња кои го красат овој крај од нашата земја.

Потоа пензионерите ги поздрави и им посака успешен натпревар **Бошко Цветковски**, советник во општина Лозово.

Во името на СЗПМ, на присутните им се обрати секретарот на Извршниот одбор на СЗПМ, **Станка Трајкова**, која на крајот од своето обраќање ги прогласи за отворени 21 Регионални спортски игри.

Натпреварите се одвиваа во пријатен амбиент. Шаренилото од најразлични маици со натписи на здруженијата на кои им припаѓаат се слеваше со зеленилото од природата и спортските терени. Натпреварувачите беа бодрени од многубројната публика.



На натпреварите најдобри беа ЗП Радовиш и Конче, втори беа пензионерите спортисти од ЗП Штип и Карбинци, а трети натпреварувачите од Струмица. Прогласувањето на победниците и доделувањето на дипломите беше во прекрасниот мотел „Џумајлија“ во Лозово, проследено со громогласни аплаузи и безброј фотографирања.

## ОСМИ РЕГИОН

# Добар домаќин на спортските натпревари



На 31 мај годинава во Делчево се одржаа 21-те Регионални спортски натпревари. Манифестацијата започна со дефиле на учесниците од Пензионерскиот дом до Спомендомот на АСНОМ во центарот на Делчево, каде се одржа и богата културно-уметничка програма. Прв учесниците и гостите ги поздрави претседателот на ЗП Делчево, **Моне Георгиевски**, а од името на градот домаќин и Локалната самоупрва со одбрани зборови топло добредојде и успех во натпреварите на пензионерите од осмиот регион им посака градоначалникот на Делчево **Дарко Шехтански**. Со пригодна реч 21-те Регионални спорстки игри за отворени ги прогласи **Драги Аргировски**, претседател на СЗПМ, кој меѓу другото истакна:

– Годинава сите активности на здруженијата на пензионерите и на СЗПМ се одржуваат во знакот на два значајни јубилеја: 70 години од пензионерското организирање и 25 годишнината од осамостојувањето на нашата татковина, Република Македонија.

Тој потсети дека во нашата држава значаен сегмент претставуваат пензионерите, а СЗПМ ги застапува нивните интереси пред државните органи со цел постојано да се унапредуваат правата од пензиското и инвалидското осигурување, остварување на поквалитетна здравствена заштита, како и збогатување на културно-забавниот и спортскиот живот.

Потоа игрите започнаа на три локации. На градскиот стадион се одржаа дисциплините од атлетика и стрелање со воздушна пушка во машка и женска конкуренција. На спортските терени на Основното училиште „Ванчо Прќе“ се одржаа натпреварите во скок од место, фрлање на кош и шутирање на празен гол. Во просториите на ресторанот „Либеро“ пензионерите се натпреваруваа во пикадо, шах, табла и домино. По завршувањето на натпреварите беа прогласени победниците во екипна и поединечна конкуренција, а најдобри беа од ЗП Кочани, потоа од ЗП Македонска Каменица и други. Се одржа и заедничка веселба, којашто потраја до доцните попладневни часови. Општ впечаток, според искажувањата на повеќе натпреварувачи и гости на 21 Регионални спортски натпревари, е дека поминаа во фер атмосфера, срдечност и пријатно дружење на пензионерите



# Рекордно учество на натпреварувачи

Овогодишниве 21–ви регионални пензионерски спортски натпревари се одвиваа во духот на двата големи јубилеја, 70 години од



пензионерското организирање во Република Македонија и 25–годишнината од осамостојувањето на нашата држава. Натпреварите се одржаа во периодот од 20 мај до крајот на јуни 2016 година, согласно со целите утврдени со Статутот и програмите за работа на СЗПМ за унапредување и проширување на интересот кај пензионерите за разни спортски активности кои се битни за нормално и непрекинато одржување и јакнење на нивната психофизичка состојба, обезбедувајќи можности за активно стареење на сите пензионери што се занимаваат со спорт и спортски активности (движење во природа, пешачење, рекреативно дружење итн.), а чиј број од година во година постојано се зголемува. И оваа година како и во претходните Извршниот одбор на СЗПМ, како и Комисијата за спорт и рекреација, како негово помошно тело кое е задолжено да се грижи и да ја развива спортската активност, благовремено ги презедоа сите мерки и активности за успешно подготвување и реализирање на регионалните спортски натпревари.

Успешни домаќини на овие натпревари годинава беа: ЗП Чаир – Скопје, ЗП Дебар – Центар Жупа, ЗП Кавадарци, ЗП Ѓорче Петров – Скопје, ЗП Куманово, ЗП Делчево и ЗП Демир Хисар. На натпреварите во сите 8 региони непосредно учествуваа 52 здруженија членки на СЗПМ, со рекорден број натпреварувачи од над 2.000, од кои 1.244 во машка и 763 во женска конкуренција. Меѓутоа, имајќи го предвид податокот дека на регионалните натпревари можат да учествуваат максимално 3.276 натпреварувачи од кои 1.716 во машка и 1560 во женска конкуренција, место за понатамошно зголемување на овој



број активности има уште многу, особено во недоволно активните здруженија.

Инаку, како што се гледа од податоците доставени до комисијата, особено е мал бројот на здруженијата (само 14) што настапуваат на натпреварите со повеќе од 50 натпреварувачи од можни 63. Потребно е да се истакне дека на овие регионални натпревари во еден подолг временски период од два–три месеци, му претходат подготовки во рамките





на здруженијата по ограноците каде што се организираат и селективни натпревари за составување на екипите за настап на регионалните натпревари. По таа основа, се доаѓа до податок дека во тој период на спортски план се раздвижени голем број пензионери што е и



програмска цел на СЗПМ за обезбедување услови за активно и здраво стареење на пензионерите. Иако на нив настапуваат натпреварувачи во поодминати години, тие во своите дисциплини постигнуваат високи резултати на кои можат да им позавидат и помлади спортисти. Во споредба со минатата година бројот на натпреварувачите на регионалните спортски натпревари е во пораст. Од 1.607 бројот е зголемен на 2.010 натпреварувачи, како резултат на воведувањето на две нови спортски дисциплини. Како последица на тоа, се зголеми и бројот на натпреварувачите на Републичките натпревари кој досега беше 400, а сега изнесува 504 натпреварувачи. Право на настап на Републичките натпревари обезбедија 40 здруженија со вкупно 501 натпреварувач





од кои 264 во машка и 237 во женска конкуренција.

Во организација на СЗПМ Пензионерската олимпијада 2016, под покровителство на Министерството за труд и социјална политика, се одржа на 3 септември 2016 година, на спортските терени кај ресторанот „Шампион“ во Радовиш.

**Комисија за спорт,**
**претседател Здравко Петковски**



# Физичката активност и спортувањето се најефтиниот лек

Често кога сме во состојба на физичка или ментална нерамнотежа бараме „лек" надвор од себеси, но многу повеќе можеме да ги решиме нашите здравствени проблеми со активирање на сопствените внатрешни потенцијали. Потребно е само да се исполнат одредени природни закони и да се научи како истите да се икористат. Моќта на движењата и на физичката активност може да помогне да се ослободиме од многу заболувања.

Кога интензивно се движиме и сме физички активни, срцето чука побрзо, силно ја поттикнува циркулацијата и автоматски подлабоко дишиме. Со таквото дишење се отвора процесот на детоксикација на сите нивоа. Повеќе свеж кислород влегува во телото и се исфрла од градите јаглеродниот диоксид. Крвта ефикасно носи кислород и хранливи материи до сите делови на телото, буквално до сите клетки. Бубрезите и црниот дроб, кои се важни во процесот на чистење токсини од нашето тело не тераат интензивно да се потиме, па од телото преку кожата излегуваат со потта дополнителни нечистотии. Кога се движиме или спортуваме ние го фокусираме нашето внимание на она што го правиме, и на тој начин го прочистуваме и нашиот ум од негативна мисли. Со усмерување на нашето внимание на движењето се чувствуваме и лесно и пријатно. Ова е еден вид на медитација во движење. Затоа се вели дека движењето и спортувањето не ослободува и од „менталните" токсини.

Многу луѓе имаат проблеми со болки во грбот, особено постарите луѓе. Причините се разбира, се различни. Истражувачите утврдиле дека поголемиот дел од проблемот е во врска со неправилно држење на телото и недостаток на физичка активност. Од многу седење особено кај повеќето постари луѓе, мускулите кои го држат 'рбетот почнуваат да слабеат и немаат моќ да ја одржат соодветна положба со што се пореметува функционалноста на целиот организам. Ако така се живее подолго време, не само што ќе дојде до нерамнотежа во мускулите, но, исто така, ќе се јават и промени во коските и зглобовите и се јавуваат болки кои се посилни со секој изминат ден. За среќа има решение. Почнете да се движите и да вежбате. Ако не можете да се вклучите во некои спортски дисциплини, почнете да пешачите, но можете да си помогнете и со длабоко и свесно дишење. Кога одиме и дишиме длабоко не е возможно да сме стуткани и да ги стегаме нашите внатрешни органи. Со длабокото дишење целосно се исполнуваат белите дробови со кислород, градите се прошируваат и 'рбетот се турка да се исправи. Автоматски се активираат мускулите „војници" кои се одговорни за правилна позиција на 'рбетот. Во прилог на спортот, и јогата е уште еден начин за зајакнување на задните мускули, но и на сите други. Многу често болката предизвикана од хронична мускулна тензија со истегнување или масажа на мускулите исчезнува. И сите зглобови подобро се „чувствуваат" со ослободување на напнатоста на мускулите поради стрес! Движењето од било каков вид ефикасно ги зајакнува и релаксира мускулите и ја балансира работата на целиот организам.

Но физичката активност и спортувањето зе важни бидејќи духот и телото се поврзани многу повеќе од колку што сме свесни за тоа. Кога се чувствувате како да сте „потонати во себе", рамениците ви паѓаат напред и надолу, ви се затвора градниот кош, главата ви виси напред... Изгледате како кокиче. Повлечени сте во себе и немате волја за ништо. Нивото на енергија паѓа. Ова е доказ дека нашата ментална состојба секогаш се рефлектира во држењето на телото. Ова значи дека со промена на положбата на телото, со движење, со физичка активност и спортување, можеме да го смениме и расположението. Затоа кога ќе се почувствувате така шетајте, вежбајте, играјте... Забрзувањето на чукањето на срцето, ќе ја зголеми циркулацијата и витална енергија ќе почне интензивно да минува низ вашето тело, клетките ќе се разбудат и држењето на телото ќе се промени. Автоматски ќе се активираат хормоните кои го менуваат нашето расположение и светот ќе изгледа различно. Со други зборови, со физичка активност буквално излегуваат негативни емоции. Ако сте лути на некого, и не сте во можност да се изразите вербално, пробајте гневот да го исфрлите со брзо одење, боксирање на вреќа или перница или интензивно пливајте, скокајте, танцувајте... движете се! Загарантирано ќе се чувствувате поинаку после тоа: полесно, растеретено, поживо, порелаксирано. Секоја активност која придвижува повеќе делови од телото ќе ја промени вашата ментална состојба. И запомнете: луѓето кои не се движат и не се активни имаат лошо здравје и расположение и покус век, без разлика на возраста и генетиката. Со движење и физичка активност обезбедете си го најдобриот, најефтиниот и најпријатниот лек.

**Б.А.**

















Снимки: Зоран Андреески

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

Информативен билтен

# СЗПМ

Специјално издание

# XXI РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

СЗПМ

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

1946 - 2016

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МТСП

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

60 години

комерцијална банка ад скопје



## КОМПЛЕКС „ШАМПИОН“ - РАДОВИШ

3 СЕПТЕМВРИ 2016